# МАКЕДОНСКА ЉУБОВНА ЛИРИКА

*избрале и ӣриредиле*
Весна Мојсова-Чепишевска и Иван Антоновски

*Издавач*
**МАТИЦА МАКЕДОНСКА**
Бул. „Св. Климент Охридски“ бр. 23, Скопје
тел.: 02 2321 138
www.matica.com.mk

*За издавачот*
**Илина Силјан**, директор

*Главен уредник*
**Раде Силјан**

*Лектура*
**Зорица Велкова**

*Илустрации за корица*
**Image by rawpixel.com on Freepik**

*Корица и електронска реализација*
**Кристи Георгиевски**

*Печат*
**Графостил**
Ул. „Невеска“ бр. 2-1/11,
Скопје, 2024

*Тираж*
**500**

*Изданието е финансиски помогнато од*
*Министерството за култура на Република Северна Македонија*

Сите права се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која и да било форма или на кој и да било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот и авторот.

# МАКЕДОНСКА ЉУБОВНА ЛИРИКА

*избрале и приредиле*
Весна Мојсова-Чепишевска и
Иван Антоновски

клуб
МАТИЦА

Скопје, 2024

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

821.163.3-1(082.2)

МАКЕДОНСКА љубовна лирика / избрале и приределе Весна Мојсова-Чепишевска и Иван Антоновски. - Скопје : Матица македонска, 2024. - 491 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-10-1046-6

COBISS.MK-ID 63535621

## „СЕПАК, СÈ ТРЕБА ДОПРВА ДА СЕ РЕЧЕ“, ЗАШТО „ВО ДОПИР СО ЉУБОВТА, СЕКОЈ СТАНУВА ПОЕТ“

„Во љубовта и поезијата, сè е речено, а сепак, сè треба допрва да се рече“, како што истакна во една пригода Блаже Конески. Во големината на овие негови зборови, не еднаш сме се увериле преку исчитувањето на современата македонска поезија. Впрочем, се уверивме и во 2014 година кога беше објавен антологискиот избор „Од копнеж до ерос“, со кој македонското љубење се појави и во препев. И тогаш, веќе се согледа потребата *македонските лирски воздишки* да се објават и во едно македонско издание посветено на љубовта и сепак, сè допрва (и одново) да се рече.

Во изминатата деценија, и со новите дела на претходно етаблираните македонски поети со активен творечки опус и со појавата на нови пера и поетики, се чини се потврди Платоновата мисла дека „Во допир со љубовта, секој станува поет“. И затоа, во оваа 2024 година, кога се навршуваат 90 години од раѓањето на Петре М. Андреевски, авторот на „Дениција“ – стихозбирката којашто **македонската критика ја означи како химна на космичката љубов, химна на жената и татковината и златна книга на македонскиот модернизам**, силна е потребата и решеноста да се приреди овој избор. Затоа што ритамот на таа химна непрекинато пулсира во македонското срце и во македонската поетска реч и во сиот период потоа, до денес. Оттука, чувствуваме не само потреба, туку и обврска да го синтентизираме она што е конкретна потврда на тој ритам. Како прилог и кон вреднувањето на современата македонска поезија, и кон согледувањето на книжевната традиција во којашто „ништо не е повидливо / и ништо не е поприсутно од твоето отсуство“, а љубењето е калемење „светлина на мракот“ и

топење „снегови фатени во движење“. Затоа што македонскиот поет е и „единствен сведок / за бакнежот меѓу металот и громот“.

Но, и како пофалба не само на поезијата, туку и на љубовта. Затоа што и во услови на едно неверојатно забрзано живеење и на една интензивна комуникација преку инстант-пораките испратени како СМС, Вибер или преку социјалните мрежи, или оние малку подолгите како електронско муабетење преку електронска пошта, сепак, љубовта, своето вистинско упориште во текст го наоѓа токму во поезијата.

Прочитот на овој избор, можеби и ќе овозможи да се дојде до одговор на прашањето „Како се љуби на македонски?“, но и на прашањето „Како се љуби во македонскиот книжевен простор?“, затоа што овде се лирските воздишки и на македонски поети што создаваат (и) на други јазици, препеани на македонски јазик.

* * *

При размислувањето за овој предговор, одново доминираше мислата дека научните дела им пркосат на уметничките зашто „**вистината** е предмет на едните, а **убавината** предмет на другите, макар што првите не се лишени од димензијата убавина, како што и вторите не се лишени од димензијата вистина“[1].

Затоа, овој предговор не претендира да ја каже сета вистина, но првенствено е само обид одново да им се понудат на македонските читатели размисли врзани со чинот на љубењето и чинот на изразување и овековечување на љубовта во лирски воздишки, преку овој избор на македонската љубовна лирика. Но, ставови вистинити по однос на убавината што тие стихови ја носат. „Научните дела го имаат светот и човекот како предмет; уметничките, од своја страна, се ограничуваат на светот на интерсубјективните односи. Светот на уметностите“, вклучувајќи го тука и светот на поетскиот збор, „е своевидно *удвојување* на постојниот свет; светот на науката е своевидно читање/интерпретирање на тој свет“ (Вангелов, 2001: 28).

[1] Вангелов, Атанас: „Творештвото на јазикот“ во *Слободата на јазикот во творештвото (Зборник од научниот собир на МАНУ, одржан на 22 март 2000)*, МАНУ, Скопје, 2001, 28.

Се надеваме дека со овој избор понудуваме приказ и на самата македонска современа поезија, создадена, односно објавена во периодот од завршувањето на Втората светска војна до денес, поразличен од оние што беа понудени досега, бидејќи определбата да го издвоиме само она македонско поетско писмо сврзано со љубовта, и тоа не само како мотив или тематска определба, туку и како движечка сила на создавањето на стиховите, ни овозможи овојпат, со мал дел од творечкиот опус да претставиме не само автори кои веќе се етаблирани во македонскиот поетски канон, туку и автори кои сè уште го изодуваат или го пробиваат својот пат под македонското книжевно небо, како и поети кои беа подзаборавени или недоволно вреднувани во македонскиот книжевен простор.

А љубовта е еден вид метафизичко единство на праелементи кои ја чинат душата, вели Ферид Мухиќ во предговорот кон изборот на македонската љубовна поезија од 2008 година под наслов „МИЛИНА – 77 запирања на здивот"[2]. Таа е „амалгам на нејзините бестелесни квалитети; таа е вонвременски печатен восок, единствената супстанција во којашто е скриена тајната на лекот против сеопштата минливост на овој свет. Само во љубовта – само додека љубиме! – кобната равенка се пресвртува во наша полза, само тогаш повеќе живот се влева во нас, отколку што истечува од нас; само во љубовта и во ништо друго, повеќе добиваме отколку што губиме! И само во љубовта истечениот живот не оди залудно, туку се влева во другиот, во љубениот/љубената. Љубовта не затвора, туку отвора, не за да попречи губење туку за да зголеми заемно подарување." (Мухиќ, 2008: 6).

Оттука, веруваме дека и со овој избор, имаме што ново да кажеме и искрено се надеваме дека и успеавме во тоа, бидејќи овој избор имаше за цел да е и тематско препрочитување на современата македонска поезија. Имено, колку силно може да се љуби на македонски (јазик) покажа токму „Деницијa" на Петре М. Андреевски која излезе во 1968 година. Кога се говори за Андреевски, и тоа не само за оваа негова збирка, туку за целокупното негово дело, тогаш со должна почит велиме дека станува збор за дело кое не само што ја смени свеста за

[2] *МИЛИНА – 77 запирања на здивот*, Табернакул, Скопје, 2008.

литературата кај македонскиот читател, кое не само што иницираше цели генерации кои се угледуваа на тој модел, туку ја смени и македонската критичка свест.

Од друга страна, многу смело и отворено можеме да констатираме дека ова љубење ги имаше вистинските почетоци во поетското писмо на Кочо Рацин (Коста Солев), па се чини неслучајно и овој избор се објавува кога се навршуваат 85 години од неговата објава по која денес е најпознат – неговите „Бели мугри“. И покрај тоа што беше напишано на српскохрватски јазик[3], љубовното писмо на Рацин што ѝ претходеше на таа книга покажа како се љуби на македонски (начин). Зашто во далечната 1928 година, точно 40 години пред „Деницијa“ на Андреевски, Рацин преку дописките, а потоа и преку ракописната збирка „Антологија на болката“ ни остави стихови инспирирани од жената и изречени како нејзина прослава кои извонредно ги преведе Гане Тодоровски:

> „Го земам твоето име како мое, а затоа ти подарувам бесмртност, кондензиран воздив по тебе, Антологија на болката ... и мое портре ако побараш ... Капка крв од моето тело и душа – ја имаш веќе ... Моето идно име – ме врзува засекогаш со тебе ...
>
> ... Прости ми или проколнувај – сеедно.
>
> А јас сè љубам, сè проштавам, и сè заборавам ...“
>
> (од дописка бр. 15)[4]

[3] Во македонската литературна наука за Рациновото творештво што не е создавано на македонски јазик се употребува синтагмата *творештво на српскохрватски јазик*. Таков јазик, заеднички за Србите и Хрватите, фигурираше до распаѓањето на СФРЈ. Во времето кога Рацин твори и дејствува, тој пишува на српскохрватски јазик, официјален јазик на тогашното Кралство Југославија. Од денешен аспект и покрај тоа што јазикот на тоа негово творештво е поблизок до денешниот српски отколку до денешниот хрватски јазик, и понатаму ја користиме синтагмата *српскохрватски јазик*, па и српскохрватска лирика како определба на тоа негово творештво.

[4] Најпрвин Блаже Ристовски во „Кочо Рацин – историско-литературни истражувања“ (Скопје, 1983) ги предава во оригинал, а потоа Гане Тодоровски истите ги препејува во првиот од шесте тома (*Рацин*, Наша книга, Скопје, 1987) под наслов „Поезија“ и тоа благодарение, како што вели самиот на „Рациновиот калиграфски ракопис, вонредно читлив и речиси беспрекорно јасен“, кој му помогнал без тешкотии „да изврши и расчитување на овие картички“ (1987: 302).

Во своите дописки тој не создавал поезија, тој, едноставно, ѝ пишувал на онаа која ја сакал и обожувал, на онаа која ја посакувал. А таа, која со ништо не му дала знак, која на никаков начин не му возвратила, таа, која останала нема на неговите воздишки, ги собирала грижливо и ги чувала тајно.

Еден свој вид епистоларна форма негува и Петре М. Андреевски во својата збирка „Деницијаʺ. Пеејќи за Деницијa, тој метафорички го обликува својот чудесен универзум од љубовни, фолклорни, митски и татковински мотиви, во кои љубовта, сепак, го има централното место како „двигител, акција, сознание, радост, недостиг, патило, смрт“[5]. Сепак, петте писма се и еден вид потврда за потребата на поетот да дојде до нејзиното срце преку текстот и тогаш кога станува свесен дека ја губи неповратно, дека ја губи засекогаш. Зашто додека (ѝ) пишува, поетот се чувствува слободен. Впрочем, соговорникот е скоро замислен и во една таква состојба исчезнуваат сите пречки и кочници, па затоа се кажува и она што не се сакало/смеело да се каже:

„Беше тоа еден ден што траеше цела година.“
(од „Трето писмо“)

„Една година останав да се бранам од себеси
како мразот што се брани од својата нежност.
Една година ти без мене, јас без себе.“
(од „Четврто писмо“)

„Те барав, те барав, во сѐ и сешто,
Те барав, а барајќи можев само да те сретнам,
но не и да те најдам, но не и да те најдам.“
(од „Петто писмо“)

А нешто повеќе од цел век пред Андреевски и нешто повеќе од половина век пред Рацин или поточно во 1858 година, три извонредни љубовни песни ни остави и Константин Миладинов. Напишани на него-

5 Тодоровски, Гане: „Возвишен поклоник на еротиката“ во *Деницијa*, Скопје, 1991.

виот роден, струшки дијалект, стиховите од „Бисера“, „Голапче“ и „Желање“ излегуваат во цариградското списание „Български книжици“.

Читани од денешен аспект, тие може да се доживеат и како триптих на љубовта. Стиховите во „Бисера“ најблиску го следат народниот модел на пеење, а истакнувањето на името на саканата и во насловот на песната и на самиот почеток во секоја строфа не значи само обраќање, туку многу повеќе „извик полн возбуда“[6], вели Блаже Конески (1989: 20). Во втората песна поетот употребува толку обично и толку галовно обраќање до убава девојка или млада жена, така што со тоа обраќање тој ја искажува својата „страсна желба да погали со збор и со рака“ (Б. Конески, 1989: 22) која се дополнува и објаснува од минијатурата „Желање“:

„Кога ќе доит при мене?
Кога ќе седнит до мене?
Така си велеф ката ден.

Ја кога дојде у мене –
Как ќе излеза пред неа?
Да не би дошла никога!“

Се надеваме дека овој избор при чија подготовка клучен критериум ни беше уметничката вредност на љубовните стихови од македонските поети, претставува и приказ на развојот на македонското љубовно писмо, од она врз кое клучно влијание имаше фолклорот со готовиот образец и фиксираните епитети на македонскиот народен гениј, до ова што се создава денес – писмо со изразен индивидуализам кој не знае за поставување некакви бариери во изразот или срамување од интимноста.

Апстракцијата е патот до елементарното, до елементот, вели Пол Хатвани во својот есеј за експресионизмот[7]. Елементот пак не

[6] Миладинов, Константин: *Поезија (читање на Блаже Конески)*, Мисла, Скопје, 1989.

[7] Hatvani, Paul: „Esej o ekspresionizmu“ vo Konstantinović, Zoran: *Ekspresionizam*, Obod, Cetinje, 1967, 145-150.

знае за компромис, тој постои за себе, во себе, од себе, тој едноставно постои. Всушност единствено елементот дејствува со самото свое постоење. Така, на пример, тој се остварува во идејата за женственоста. „Човекот создава – жената постои; човекот се докажува пред светот со својата свест – жената го докажува светот.“ (Хатвани, 1967: 146). Токму од овие релации елементот го добива духовниот рефлекс од жената, а експресионизмот сетилната релација кон полот. А бидејќи уметникот живее во една вечна спротивставеност со материјата, оваа женска материја (елементот) станува праизвор на зголемената машкост на поетот и воопшто на уметникот. „Човекот е диференциран; уметникот е поголема човечка потенција, а експресионистот е најголема човечка потенција. Жената е елемент. А на почетокот постоеше елементот.“ (Хатвани, 1967: 146).

Таква улога има жената во стиховите на македонските поети. Но каков е мажот во стиховите на македонските поетеси? Половина вистинит, а половина, речиси во целост имагинарен – онаков каков што тие го доживуваат, посакуваат или замислуваат – растргнат меѓу она што е и женската (идеализирана) претстава за она што тој треба да биде. Токму затоа, дури и опеаниот неверен маж е неотуѓив од поетесата што пишува за него, оти во песната, тој е онаков каков што таа го (пре)создава. Неретко, тој е оној што се чека, оној што заминал (или никогаш не дошол, којзнае) или оној кој се посакува да се задржи до себе за да не замине, но независно од тоа, независно дали е само копнеж, минато, животен сопатник, љубовник или само илузија во светот на поетесата, тој е љубен. И тогаш кога е причинител на радост, и тогаш кога е создавач на болка, македонската поетеса за мажот пишува со љубов која трае и не бледнее. Понекогаш, македонските поетеси пишуваат и многу похрабро за мажот, со многу посуштинско и подлабоко провирање во интимноста, отколку македонските поети за жената.

Впрочем, пред нас стои поезија во која жената / мажот е нејзиното потекло и утока, таа е „внатрешно око“, разум, граматика и јазик во разговорот со светот. Притоа имаме едно екстатичко расположение и на лирскиот и на творечкиот субјект, еден екстатички возвишен душевен живот, зашто се работи во крајна смисла за интимистичка ли-

рика. Затоа, толку силно е воочлив процесот на интериоризацијата под кој се подразбира процесот на апстрахизацијата во засилен степен, како и процесот на специфичната симболизација и метафоризација, со кои истовремено се проширува кругот на референци и во поетските слики и во поетските идеи. Пред нас стојат стихови на поети и поетеси кои сигурно прочитале, како што вели Влада Урошевиќ во предговорот кон збирката песни во проза на Владимир Мартиновски „Побрзај и почекај“[8], илјадници песни на оваа вечна тема – и сепак решиле за миг да ја заборават за да ја напишат својата. Овој избор се обидува да покаже стихови кои „ја слават метаморфозата на светот под влијание на љубовта“ и „магијата на љубовта која успева секогаш одново да го промени светот“ (Урошевиќ, 2011: 7).

Посебното место што го има љубовната и еротската поезија, е заради тоа што таа се доживува како еден процес на „откривање на душата“, како состојба која го прифаќа витменовското разоткривање на исконските нагони или метафорички речено прикажувањето на „голиот човек“. Сите до еден, па и оние кои заради некои свои, но туѓи причини се скршени, потопени во тага, веруваат во „вечната обновувачка сила на љубовта“ и, верувајќи во неа, успеваат да напишат песни, минијатурни, кратки, долги, елегични, возбудени... песни кои „таа сила ја содржат во себе со толку интензитет, што таа, претворена во лирска енергија, се пренесува и на нас“ (Урошевиќ, 2011: 7), а со овој избор искрено се надеваме дека ќе се пренесе и на вас, драги читатели.

Овој избор содржи 342 мали прослави на 342 форми на љубовта од современите македонски поети, подредени во пет циклуси: *Вљубување: „Тајна“, Тагување: „Задоцнета тажаленка“, Љубење: „Умилкување“, Насладување: „Домашен блуз“ и Спотување: „Рајска соба“*. Всушност, и циклусите во овој избор се развиваат онака како што се развива самиот љубовен чин – од копнеж, од приказ на идеалниот драг / идеалната драга, кој / која се очекува некогаш да пристигне на животниот пат, па до чинот кога двајцата се едно, кога посакуваниот е (или барем ни се чини дека е) во прегратката на оној кој својот љубовен немир го иска-

[8] Мартиновски , Владимир: *Побрзај и почекај*, Кликер, Скопје, 2011.

жува со поетско Јас, за на крајот да се круниса со поетскиот восклик на страста и еротиката, кога и двете души и двете тела се претопуваат во една нераскинлива целина. А меѓу нив, и циклусот за тагувањето по изгубениот сакан, **како контрапункт на само вљубување и љубење** – циклус во кој неслучајно, тажаленката е задоцнета, оти најчесто, дури тогаш кога нештото ќе се изгуби се осознава неговата вистинска вредност и почнува да се тагува. А дали се тагува по изгубениот и изгубената онакви какви што се или онакви какви што поетот/поетесата ги замислува дека се е дилема која никогаш до крај не може да ја разреши ни создавачот/пишувачот на стиховите во кои има и бол, и солзи, и тага, и каење, и молк, но пред сѐ љубов. И во сите пет циклуси ќе пронајдете песни од македонски поети од сите генерации – и од традиционалисти, и од модернисти, и од постмодернисти, и од периодот на постпостмодернизмот и оние што навестуваа нов реализам, и оние што дебитираа(т) во периодот на изразен книжевен индивидуализам. Од автори кои своите први објави ги доживеаја во четириесеттите и педесеттите години на минатиот век, па сѐ до автори кои се родени во последната деценија на минатото или првата деценија на ова столетие. Но и автори кои се подзаборавени и кои како да го чекаа своето време преку овој избор повторно да се родат и да љубат.

* * *

Имагинарниот писател Морели од романот „Плочка“ на Хулио Кортасар, на едно место се обидува да понуди неколку начини на кои љубовта може да се однесува кон реалноста, па ќе каже дека постои љубов како шлем, љубов како „аспирин“, љубов како кревет. Онаа првата нуди заштита од светот, втората е некој вид аналгетик против реалноста, третата овозможува одмор од неа... Најголемиот дел од понудените песни во овој избор можат да се читаат како вакви обиди да се дефинираат мноштвото феномени на љубовта: љубовта како посакување, како страст, како болка, како нешто неостварено, како огледало, како тело...

Впрочем, телото е она кое постојано нѐ потсетува на смртното постоење во овој свет и тоа преку неговите манифестации на: истрај-

ност, болка, болест, задоволство, нагон, потреба, страст, стремеж кон моќ, расположба, страв, тегобност, грижа. Телото на другиот, нагласува А. Шопенхауер, е објект на мојата волја, објект на моето посакување, на стремежот за диспонирање, тоа е и предмет на нагон, воодушевување, на страст за еротско соединување, тоа е и предмет на љубов, грижа, внимание и морална должност.

Од каде таа потреба за телото, своето и туѓото? Во мајчината утроба поточно во мајчиното тело за првпат се будиме, од женското тело се раѓаме. Од првиот до последниот здив опстојуваме во еден сетилен свет. Во него постоиме со и преку телото, со свои очи го гледаме светлото, ги спознаваме видливите работи, спознаваме допирајќи со раката тврдо и меко, аглесто и заоблено, мазно и рапаво. Со јазикот во устата, нагласува Еуген Финк, вкусуваме горко и слатко, го вдушуваме мирисот на цвеќињата и солениот мирис на морето. Ние сме чувствено-сетилно отворени кон светот со и преку нашето тело, заклучува Финк[9]. Така го доживуваат телото и македонските поети и поетеси, но, неретко, нивниот копнеж е насочен и кон душата на саканиот – кон сродната душа. Впрочем, многумина од нив, токму таму, во душата ја наоѓаат онаа вистинска убавина која ги привлекува – само таквата љубов, насочена и кон видливата и кон невидливата страна на саканиот е онаа која е вистинска и непоколеблива, а само песните создадени од инспирацијата која произлегува од таквото љубење може да допре до вистинскиот читател, па затоа, во овој избор, своето место го добија само таквите песни.

Во веќе споменатиот предговор кон „МИЛИНА – 77 запирања на здивот", Ферид Мухиќ го поддржува мислењето дека во „младоста имаме лице какво што ни дал Господ, а подоцна, имаме онакво лице какво што самите сме си го создале. Тоа значи дека целиот проблем е како да ја задржиме убавината дадена од Господ, откако самите ќе преземеме одговорност за сопствениот изглед. И пак, одговорот е јасен: со љубовта! И најубавото лице на оној кој не љуби, имено, врз кое не се согледува убавината како присуство на длабочината врз повр-

[9] Fink, Eugen: „Moda – zavodnica" vo *Nova filozofija umjetnosti*, Zagreb, 1972, 531.

шината, бргу почнува да пропаѓа и да се изобличува“ (Мухиќ, 2008: 7). А одамна е констатирано дека саканата личност не може да остарее.

Се надеваме дека со читањето на стиховите кои следуваат на страниците што се пред вас ќе ви се врати вербата дека и во ова наше време, може вистински да се љуби, само треба да се изнајде вистинскиот начин како да се искажат чувствата. Посакуваме и вашето читателско искуство со овој избор македонска љубовна лирика да се развива онака како што се развива и љубовта, онака како што се развиваат и циклусите кои ја сочинуваат оваа целина – од копнеж и нежност до најголемо читателско уживање. Дури македонскиот поет е со претплата „на вечна љубов и вечни времиња“, како во песната „Умилкување“ од Петре М. Андреевски.

За и понатаму да се љуби и на/со македонски јазик, и на македонски начин...

**Весна Мојсова-Чепишевска**
**Иван Антоновски**

# СОДРЖИНА

„СЕПАК, СÈ ТРЕБА ДОПРВА ДА СЕ РЕЧЕ“,
ЗАШТО „ВО ДОПИР СО ЉУБОВТА,
СЕКОЈ СТАНУВА ПОЕТ“ ........ 5

***I. ВЉУБУВАЊЕ:***
**ТАЈНА ........ 17**

*Славко Јаневски*
ТАНЧАРКА НА ДЛАНКА ........ 19

*Ацо Шопов*
ВО СОНОТ НА ЦРНАТА ЖЕНА ........ 22

*Блаже Конески*
ВЉУБЕНИ ДЕВОЈКИ ........ 24

*Чедо Јакимовски*
ВРАЌАЊЕТО НА МОЈАТА ЕВРИДИКА ........ 25

*Славко Јаневски*
ПЕСНА МОНАШКА ОД ЛЕШОК ........ 26

*Георги Сталев*
ТАЈНА ........ 28

*Гане Тодоровски*
СОНЕТ ........ 29

*Матеја Матевски*
СРЕДБА ........ 30

*Лазо Каровски*
ПРИКАСКА ........ 31

*Михо Атанасовски*
СУДБИНА ........ 32

*Србо Ивановски*
КОГА ТЕ ЧЕКАМ ... 33

*Петре М. Андреевски*
ПЕСНА ЗА НЕЈЗИНАТА ПЕСНА ... 34

*Неџати Зекерија*
17. Вечерва една тревка ќе се заљуби ... 35

*Адем Гајтани*
СРЕЌА ... 36

*Матеја Матевски*
МОРЕ ... 37

*Радован Павловски*
МАЈА ... 39

*Видое Подгорец*
ЖЕД ПО ТРАГАЊЕ ... 42

*Наум Манивилов*
ЉУБОВ ... 45

*Бистрица Миркуловска*
КАМЕЛИИ ... 46

*Цане Андреевски*
ЖЕЛБА ... 47

*Влада Урошевиќ*
МЕСЕЧИНА, ЖЕНА И ЗМИЈА ... 48

*Владимир Илиевски*
БАКНЕЖОТ НА МЕСЕЧИНАТА ... 49

*Георги Барбаровски*
ЈАС ТАА И ТОА ... 50

*Трајан Мартиновски*
ДЕВОЈЧЕТО ... 51

*Љупчо Силјановски*
ЗДИВОТ НА ЅИДАРОВАТА ЖЕНА ... 52

*Тоде Илиевски*
РОМАНСА ... 53

*Љубичо Стојменски*
ЉУБОВ ........ 54

*Богомил Ѓузел*
ПУСТИНСКА ЖЕНА ........ 55

*Крсте Чачански*
АД ........ 57

*Гордана Михаилова Бошнакоска*
ВО СОНИШТАТА НА МИРНИТЕ МОМЧИЊА ........ 58

*Иван Василевски*
НИЗ ЖЕНАТА ПЛОВАТ БРОДОВИ ........ 61

*Иван Ивановски*
ВАРИЈАЦИИ НА ТЕМА: ЉУБОВ ........ 62

*Алдо Климан*
СОКОЛ ........ 64

*Владимир Шопов*
ЉУБОВ ........ 65

*Петре Бакевски*
TOMBA DI GIULIETTA ........ 67

*Светлана Христова-Јоциќ*
ПРЕДАВАЊЕ НА КЛУЧЕВИТЕ ........ 70

*Љубен Ташковски*
ИСКРЕНА ЉУБОВ ........ 71

*Атанас Ванѓелов*
ИДИЛА СО БАЛКОН, СОНЦЕ И ЖЕНА ........ 72

*Тодор Чаловски*
ЉУБОВ ........ 75

*Санде Стојчевски*
ЖЕНАТА ОД СОНОТ ........ 76

*Раде Силјан*
МОЈАТА МОРСКА ЉУБОВНИЦА ........ 77

*Иван Чаповски*
УБАВАТА РАЗДЕЛИНА ........ 78

*Душица Илин*
ЗАРЕК ..... 80

*Милош Линдро*
КОНТРАПУНКТ ..... 81

*Весна Ацевска*
РЕШИВ ..... 82

*Славе Банар*
ЉУБОВ ..... 84

*Раде Силјан*
СВЕТИЦА ..... 85

*Милован Стефановски*
НОЌНА НИЖАЧКА ..... 86

*Бранко Цветкоски*
СТАПАЛКИ. БИБЛИСКИ МОЛК ..... 87

*Васил Тоциновски*
ДОЖДОВИТЕ УМИРААТ ВО НАС ..... 88

*Мирче Нешовски*
ПРСТЕНОТ НА ПРОЛЕТТА ВО СНЕЖНА НОЌ ..... 89

*Братислав Ташковски*
ШТО Е ЉУБОВТА? ..... 90

*Јован Павловски*
ИМЕ ..... 91

*Илија Велев*
ЉУБОВ ..... 92

*Весна Ацевска*
ПОРАКА ..... 93

*Трајче Кацаров*
ЕДНА НЕНАПИШАНА ЉУБОВНА ПЕСНА ..... 94

*Теута Арифи*
ПЕСНА НАД ПЕСНИТЕ ..... 95

*Ерол Туфан*
ИНСПИРАЦИЈА СИ ТИ ..... 96

*Васо Николовски*
СТАРАТА ЉУБОВ НА СЛИКАРОТ ........ 97

*Аполон Гилевски*
VII Со нозе заврзани во тибетски јазел ........ 98

*Сузана В. Спасовска*
ДИПТИХ ЗА ЉУБОВТА ........ 99

*Виолета Танчева-Златева*
ДОАЃАЊЕТО НА ЉУБОВТА ........ 103

*Стефан Марковски*
МЕТАФИЗИКА НА ЉУБОВТА ........ 104

*Јовица Тасевски-Етернијан*
АЗНАТА НА НЕЈНАТА ПЛОТ ........ 105

*Маја Апостолоска*
ПОЧИТУВАН ГОСПОДИНЕ ........ 106

*Ивица Антевски*
МОЛИВОТ ........ 107

*Делвина Крлику*
СЕ СОМНЕВАМ ........ 108

*Ана Бунтеска*
КРАТКА ПЕСНА ........ 110

*Виолета Танчева-Златева*
НАУЧИ МЕ ........ 111

*Ана Голејшка Џикова*
ЉУБОВ ........ 112

*Славица Гаџова-Свидерска*
АФРИКАНСКА ........ 114

*Славица Гаџова-Свидерска*
ЕВРОПСКА ........ 115

*Михајло Свидерски*
ВО ВРЕМЕТО ........ 116

*Снежана Стојчевска*
ОДБЕРИ МЕСТО ........ 117

*Митко Гогов*
СКРИЕН НЕМИР ....................118

*Драгана Евтимова*
СЕЌАВАЊА НА БУКВАТА Д ....................119

*Елизабета Баковска*
КАКО ТЕ ЉУБАМ .................... 120

*Ивана Јовановска*
номадски затвори ....................122

*Диме Данов*
ПОПОВКА ....................123

*Андреј Медиќ Лазаревски*
НЕНАСЛОВЕНИ СМЕ ....................124

*Павлина Атанасова*
ДЕНОТ ПОЧНУВА ....................125

***II. ТАГУВАЊЕ:***
**ЗАДОЦНЕТА ТАЖАЛЕНКА ....................127**

*Ацо Шопов*
ОЧИ ....................129

*Блаже Конески*
ИЗВОРОТ НА ТВОЈОТ ГЛАС ....................132

*Ацо Шопов*
МОЛИТВА ЗА СИЊАРКАТА – МОЈАТА НАРЕЧНИЦА ....................133

*Србо Ивановски*
ЖЕНА ....................134

*Блаже Конески*
ЉУБОВНИЦА ....................135

*Влада Урошевиќ*
ЉУБОВНИЦИ ....................136

*Анте Поповски*
КАДЕ ДА ЈА ПОБАРАМ? ....................137

*Гане Тодоровски*
СКИЦА ЗА ПРВОТО ПИСМО ДО ЕМА ГЕРМОВА ........................ 139

*Влада Урошевиќ*
ЉУБОВНИЦИ ШТО СПИЈАТ ПО ЉУБОВТА ........................140

*Србо Ивановски*
БАЛАДА ЗА ЧОВЕКОТ ШТО ЈА НЕМАЛ ЉУБОВТА .................. 141

*Мурат Исаку*
ЗОШТО ТЕ СРЕТНАВ ........................142

*Ката Мисиркова-Руменова*
ТАА, САМА ........................143

*Евгенија Шуплинова*
ПРЕД ОГЛЕДАЛО ........................144

*Гане Тодоровски*
ЉУБОВНА ........................145

*Анте Поповски*
ЉУБОВ ........................146

*Анте Поповски*
ЌЕ СЕ СКРИЈАМ ВО НЕЈЗИНОТО ИМЕ ........................ 147

*Раде Siљан*
ВЕТРОТ КОГА ВЕЕ ........................ 148

*Раде Силјан*
КОГА ЌЕ СЕ РАЗДЕЛИМЕ ........................149

*Илинка Митрева*
Ги оставивме зад себе последните перони ........................ 150

*Блаже Конески*
СПОМЕН ........................151

*Гане Тодоровски*
ПОРАКА ........................152

*Ресул Шабани*
РАЗМИСЛУВАЊЕ ТРИ ДЕНА ПРЕД ЕСЕНТА ........................ 153

*Блаже Конески*
ПЕПЕРУГА ........................ 154

*Петре М. Андреевски*
ЛАКРИМАРИЈ ..... 155

*Даница Ручигај*
ВО КАТЛАНОВО ..... 156

*Петре М. Андреевски*
ЗАДОЦНЕТА ТАЖАЛЕНКА ..... 157

*Радован Павловски*
МАГИЈА МОМЧЕ ..... 158

*Крсте Чачански*
РАСКАЗ ЗА СВАДБАТА НА АСПАСИЈА ДОНЕВСКА ..... 160

*Петар Т. Бошковски*
ГРОБ НА ВИШНА РИДА ..... 161

*Драгица Најческа*
ШТО СУМ ..... 162

*Ристо Ѓ. Јачев*
ПО ТВОЕТО ЗАМИНУВАЊЕ ..... 163

*Петре М. Андреевски*
ПРВО ПИСМО ..... 164

*Крсте Чачански*
НЕКОЈА ДРУГА ЖЕНА ..... 165

*Петар Т. Бошковски*
СМРТТА НА КАРАМФИЛОТ ..... 167

*Тодор Чаловски*
НЕМА ВРАЌАЊЕ ВО ПРЕДЕЛОТ ПУСТ МАЛЕЧКА МОЈА ..... 169

*Чедо Јакимовски*
ТИ, ЗАД ТЕБЕ ПРАЗНИНА ..... 170

*Радмила Трифуновска*
ВО НОЌТА КОГА ТЕ НЕМА ..... 171

*Неџати Зекерија*
САМО ЕДНА ПЕСНА Е НАШАТА СТАРА ЉУБОВ ..... 172

*Богомил Ѓузел*
ЉУБОВ ..... 173

*Љубен Ташковски*
POST SKRIPTUM КАТЕРИНА ..... 174

*Ефтим Клетников*
ПОПЛАКА НА ВАЈАРОТ ..... 175

*Чедо Јакимовски*
НЕ БУДЕТЕ МЕ НОЌВА ..... 177

*Павлина Климкар-Меанџиева*
КОГА ДЕНОТ ТЕШКО ДИШЕ ..... 178

*Љубен Ташковски*
ТОЈ ДЕН, ДРАГА ЈУЛИЈО ..... 179

*Косара Гочкова*
ВИЗИЈА ..... 181

*Панде Манојлов*
СРЦЕ ЗА СПОМЕН ..... 182

*Тришо Стојановски*
ДА НЕ ЈА ИЗГУБАМ ..... 183

*Петар Башески*
Ништо не е случајно ..... 184

*Благој Самоников*
БЕШЕ ЕДНА НОЌ ..... 185

*Љубен Ташковски*
ИСКРЕНА ЉУБОВ ..... 187

*Илија Велев*
СПОМЕНУВАЊЕ ЗА СОПАТНИЧКАТА ..... 188

*Мито Спасевски*
МОРЕТО САМОТНО СПИЕ ..... 189

*Петар Петрески*
НЕМА ДА ПРЕЧИ ..... 190

*Васил Икономов*
ТИ НЕ ДОЈДЕ ..... 192

*Братислав Ташковски*
НЕВЕРНА ЖЕНА ..... 193

*Никола Јованоски*
ЖЕЛБА ........ 194
*Вера Андон*
НАРЦИС ........ 195
*Зоран Анчевски*
НАРЦИС И ЕХО ........ 196
*Братислав Ташковски*
МАЛА ПЕСНА ........ 198
*Методија Ст. Тошевски*
НЕМИР ........ 199
*Ванѓа Михајлова-Штерјова*
СРЕДЕ ПАТОТ ........ 200
*Марко Петрушевски*
ПОЧЕТОК НА КРАЈОТ ........ 201
*Лира Бојку*
МОЖЕБИ ........ 202
*Пунторие Муча-Зиба*
СОНОТ И ЉУБОВТА ........ 203
*Зоран Јакимоски*
со душа празна како чаура од топовска граната ........ 204
*Долорес Атанасова-Лори*
Имам 39 години ........ 206
*Ивица Челиковиќ*
НЕКАДЕ НА ПАТОТ ........ 207
*Игор Исаковски*
ме болиш ........ 208
*Биљана Стојановска*
Беше тоа едно топло лето во Тунис ........ 210
*Делвина Крлуку*
ЗНАМ ДЕКА КОПНЕЕШ... ........ 212
*Шкелзен Халими*
ЗАЧАДЕНА ВОЗДИШКА ........ 214

*Александра Спасеска*
ЖАР-ПТИЦА ........ 215

*Ива Дамјановски*
КАДЕ Е ДОМА ........ 216

*Даим Мифтари*
ПОСЛЕДНИОТ ЗБОР ........ 218

*Адем Абдулаху*
ПОБАРАЈ МИ ГО ТЕЛОТО ........ 219

*Тихомир Јанчовски*
ЉУБОВТА УМИРА ........ 220

***III. ЉУБЕЊЕ:***
**УМИЛКУВАЊЕ ........ 221**

*Ацо Шопов*
ЉУБОВ ........ 223

*Блаже Конески*
НЕЖНОСТ ........ 224

*Лазо Каровски*
ЈАС ЕСЕНИН НЕ СУМ ........ 225

*Ацо Шопов*
АКО ТИ НЕДОСТАСУВА СВЕТЛИНА ........ 226

*Матеја Матевски*
ПИСМО II ........ 227

*Петре М. Андреевски*
КОГА ЈА ЉУБЕВ ДЕНИЦИЈА ........ 229

*Видое Видичевски*
ТИ ДОЛЖАМ ЕДНО НЕБО ........ 231

*Гане Тодоровски*
ЉУБОВНА ........ 232

*Петре М. Андреевски*
ТИ И ЈАС ........ 233

*Радован Павловски*
’РТЕНИЕ ........ 234

*Матеја Матевски*
ПАТУВАЊА ........ 238

*Петре М. Андреевски*
УМИЛКУВАЊЕ ........ 239

*Гане Тодоровски*
ЉУБОВ ........ 240

*Цане Андреевски*
ДВА СВОДА ........ 241

*Гого Ивановски*
БЕЗ НАСЛОВ ........ 242

*Ристо Василевски*
(О)ДА ЗА ЉУБОВТА ........ 243

*Живко Новески*
ЉУБОВНА ........ 245

*Бошко Смаќоски*
Блазе си им на предметите од собата ........ 246

*Јован Котески*
ДИЈАЛОГ ........ 247

*Адем Гајтани*
ВО ПЕСОКТА СТИХОВИ ЗА ТЕБЕ ........ 248

*Гордана Јовиќ-Стојковска*
НАМЕСТО ЉУБОВ ........ 249

*Василе Димески*
Знаев оти ќе те сретнам некаде ........ 251

*Илхами Емин*
ЧИНИШ СО МОИ РАЦЕ
ЏЕЈМС ЏОЈС ПОСАДИЛ РОЗА ........ 252

*Ристо Ѓ. Јачев*
АХ, КОЛКУ УБАВО ЌЕ БЕШЕ ........ 253

*Јован Стрезовски*
ЉУБОВ ..... 254

*Јован Павловски*
КАКО ЈА МАМАМ МЕДЕЈА ДА МЕ ЉУБИ САМО ..... 255

*Веле Смилевски*
ЕВРИДИКА МУ ПЕЕ НА ОРФЕЈ ..... 257

*Јовица Тасевски-Етернијан*
ХАМЛЕТ СЕ ОСВРНА ..... 259

*Митко Апостолов*
ПО БУРА ..... 260

*Петре М. Андреевски*
ПЕТТО ПИСМО ..... 262

*Михаил Ренџов*
СЕ БУДАМ УПЛАШЕН ОД СВЕТЛИНАТА ..... 264

*Моника Стојановска*
ВОСПИТАНА ЉУБОВ ..... 265

*Даница Ручигај*
НЕ, НЕ ЗБОРУВАЈ ..... 267

*Владимир Попов*
ДОЈДИ ..... 268

*Евгенија Шуплинова*
ДА СЕ РАЗБЕРЕМЕ ..... 269

*Јован Котески*
АНА ..... 270

*Љубен Ташковски*
КАТЕРИНА ..... 271

*Гордана Михаилова Бошнакоска*
НА РИДОТ ..... 272

*Атанас Ванѓелов*
ЈАС И ТИ ..... 273

*Ристо Лазаров*
ВЕРНО ДА ЉУБИШ ..... 274

*Лилјана Чаловска*
ВО ПОЗЕН ЧАС ........ 275

*Софе Штерјоски*
КВЕЧЕРНА ........ 277

*Јовица Тасевски-Етернијан*
ТВОЕТО СМРТОЗРАЧЈЕ ШТО ГО ЉУБАМ ........ 278

*Ристо Лазаров*
НАД ГОЛЕМАТА РЕКА ........ 279

*Науме Радически*
ПОПУСТО ШТО НА СЕНКАТА МОЖЕ
И ДА Ѝ СЕ ЗБОРУВА ........ 280

*Тодор Чаловски*
МОЌТА НА ЗБОРОТ И ЉУБОВТА ........ 281

*Бистрица Миркуловска*
ОТАДЕ СОНОТ ........ 283

*Софе Штерјоски*
ДА СМЕ САМИ ........ 284

*Калиа Димитрова*
љубов во боинг 747 ........ 285

*Викторија Анѓеловска*
се исправам пред тебе ........ 286

*Славка Арсова*
НАША ТАЈНА ........ 287

*Саме Лимани-Жарноски*
ПОПУСТО ЧЕКАЊЕ ........ 288

*Раде Силјан*
ПЛАМЕНОТ НА НАШАТА СВЕЌА ........ 289

*Санде Стојчевски*
ЛЕБЕДИ ........ 290

*Ефтим Клетников*
ПО СЕВЕЗДЕН СЕ ЉУБЕВМЕ НА БРЕГОТ ........ 291

*Луан Старова*
КОГА НИ БЕШЕ ТЕШКО ВО ЖИВОТОТ ........ 293

*Катица Ќулавкова*
ВАРИЈАЦИИ ........ 294

*Ферид Мухиќ*
КРЕНИ ГО, ВИСОКО ........ 295

*Димитар Башевски*
ЛАВИРИНТ ........ 296

*Виктор Б. Шеќеровски*
ЗАВЕШТАНИЕ ........ 297

*Фахри Али*
ЧУВСТВОТО ВО МЕНЕ ........ 298

*Разме Кумбароски*
KOALA ........ 299

*Славе Ѓорѓо Димоски*
НОЌТА Е ЦРНА LIEBE MARIJA ........ 300

*Славе Ѓорѓо Димоски*
ДООБЈАСНУВАЊЕ ЗА ЉУБОВТА ........ 301

*Христо Петрески*
ПОГРЕШНО ЗНАМЕ ........ 302

*Борче Панов*
КНИГА НА ДИШЕЊЕТО ........ 303

*Братислав Ташковски*
ЈА ПОЧИТУВАМ ТВОЈАТА ВЉУБЕНОСТ ........ 303

*Билјана Станковска*
ЧУВСТВУВАЊЕ ........ 306

*Јозо Т. Бошковски*
БИЛЈАНА ........ 307

*Сашо Гигов-Гиш*
ЉУБОСЛОВ ПЕТТА ........ 309

*Лидија Димковска*
КОЈ ГИ ИЗГРИЦКА ТВОИТЕ НОКТИ ........ 310

*Маја Апостолоска*
МОНОЛОГ ... 311

*Линдита Ахмети*
ШТО МИ РЕЧЕ ТИ ... 312

*Лулзим Хазири*
ЅИДОТ НА ПОТПОРАТА ... 313

*Нусрет Дишо Улку*
ОДНОВО ДА СЕ САКА ... 314

*Звонко Танески*
САКАМ ДА ПИШУВАМ ... 315

*Никола Маџиров*
МОЖЕБИ УШТЕ ПАТУВА ... 316

*Пунторие Муча-Зиба*
УТОПИЈА 07 ... 317

*Марија Велинова*
чуму чуда во време без буда ... 318

*Петар Волнаровски*
ЛУЗНОПИС ... 319

*Игор Крајчев*
ДАР ... 321

*Марија Кукубајска*
НАРЕЧНИЦА ... 323

*Жарко Кујунџиски*
ЛИНГВИСТИЧКА АНАЛИЗА НА МОЈАТА ДЕВОЈКА ... 325

*Магдалена Хорват*
ПРОБЛЕМОТ ... 329

*Наташа Сарџоска*
НОВ ОРГАН ... 330

*Ирена Павлова Де Одорико*
ЉУБОВТА НА ЧАТ ... 331

*Славчо Ковилоски*
БАКНЕЖИ ... 333

*Даниела Андоновска-Трајковска*
ЕЛЕКТРОНСКА ЉУБОВ ..... 334

*Николина Андова Шопова*
ЗА ПАСВОРДОТ, ПО ЏИБРАН ..... 335

*Каљош Челику*
ЈАС СУМ ВОЛК И САКАМ РАНИ ..... 336

*Елизабета Баковска*
ЗОШТО ТИ СЕ ЛУТАМ ..... 337

*Андреј Ал-Асади*
ЗБОР ЗА ТЕБЕ ..... 339

*Јосиф Коцев*
ПЕРЈЕ ..... 340

*Јовица Ивановски*
ИМАГИНАРНА ..... 341

*Исток Улчар*
ПОСВЕТЕНИ ЉУБОВНИ МИНИЈАТУРИ ..... 342

*Јосиф Коцев*
ТОЧКА ..... 346

*Ѓоко Здравески*
бланко-љубовна ..... 347

***IV. НАСЛАДУВАЊЕ:***
**ДОМАШЕН БЛУЗ ..... 349**

*Тодор Чаловски*
ДАРОВИ ..... 351

*Светлана Христова-Јоциќ*
СИ СПОМНУВАШ ..... 352

*Олга Арбуљевска*
БРУСЊАК ..... 353

*Цане Андреевски*
КАЖИ МИ ..... 354

*Нехас Сопај*
6. Зошто се криеш, девојко, зад тој сончоглед ..... 355
*Раде Силјан*
ДОБРА МИСЛА ..... 356
*Јулијана Младеновска-Тешија*
ЉУБОВНА ..... 357
*Лилјана Дирјан*
ДОМАШЕН БЛУЗ ..... 358
*Ана Стојаноска*
ПОЛНОЌНА ..... 359
*Биљана Стојановска*
Се обидувам да ти објаснам дека ..... 361
*Линдита Ахмети*
ТВОИТЕ ОЧИ ..... 362
*Нина Булгакова*
ВЕЧЕРА ..... 363
*Сузана В. Спасовска*
ЉУБОВНИК ..... 366
*Милован Стефановски*
УТРИНСКО КАФЕ ..... 367
*Радован П. Цветковски*
ГОЛТКА КАФЕ И ТИ ВО МОЈАВА ДУША ..... 368
*Вања Изова-Велева*
ТЕРМОС ..... 369
*Нина Булгакова*
СУТЛИЈАЧ ..... 370
*Владимир Мартиновски*
ОБРОК НА ДЕНОТ ..... 373
*Илина Јакимовска*
СОНЦЕ ВО ТЕГЛА ..... 374
*Елена Пренџова*
ДЕСЕРТОТ МОЖЕ ДА СЕ КОНЗУМИРА
И БЕЗ ГЛАВНО ЈАДЕЊЕ ..... 377

*Иван Шопов*
ДОДВОРУВАЧКА МАНТРА ........ 378

*Јулијана Величковска*
ОТВОРЕНА КНИГА ........ 381

*Зоран Пејковски*
ЖИВОТВОРНО СЛОВО НА УБАВИНАТА ........ 383

*Вања Изова-Велева*
ПАНТАЛОНИ ........ 384

*Марина Мијаковска*
КОСКЕНА ........ 385

*Љубомир Груевски*
НЕВЕРНАТА ЕЛА ........ 386

*Ѓоко Здравески*
BLUES FOR A... ........ 388

*Бистра Кумбароска*
(РЕЛЈЕФОТ НА ТВОЕТО ЛИЦЕ) ........ 390

*Ирена Јурчева*
СЕДУМ ........ 391

*Катерина Гогова*
Не се сеќавам на дождот ........ 392

*Бранко Цветкоски*
НЕДЕЛНА СРАМНА МОЛИТВА ........ 393

***V. СПЛОТУВАЊЕ:***
**РАЈСКА СОБА ........ 395**

*Матеја Матевски*
СРЕДЕ ТРЕВИТЕ ........ 397

*Анте Поповски*
ЕЛЕМЕНТОТ НА ТВОЈАТА НАСМЕВКА ........ 398

*Ацо Шопов*
ТРЕТА МОЛИТВА НА МОЕТО ТЕЛО ........ 399

*Петре М. Андреевски*
ТРКАЛЕЗНИ ФОРМИ ..... 400
*Влада Урошевиќ*
МОРНИЦИ ..... 403
*Радован Павловски*
БАКНЕЖ ВО ТРЕВА ..... 404
*Јован Павловски*
ДЕВОЈКАТА ВЛЕГУВА ВО ПОЛЕТО ..... 405
*Миле Неделкоски*
ПЕСНА ..... 406
*Благоја Ристески-Платнар*
ЧЕТИРИ ЉУБОВНИ ПЕСНИ ..... 407
*Радмила Трифуновска*
ЕРОТИКОН ..... 411
*Светлана Христова-Јоциќ*
ЉУБОВ ..... 412
*Лилјана Чаловска*
ЈАЗИКОТ ЖИВ ..... 413
*Емељ Туна*
СКУТ ..... 414
*Михаил Ренџов*
ВОДА. КАПАЧКА. ..... 415
*Јован Котески*
СЛЕКУВАЊЕТО НА ЕНА ..... 416
*Александар Поповски*
СЕ СОБЛЕКУВА ..... 417
*Трајан Петровски*
ДРЕМКА ..... 418
*Богомил Ѓузел*
ЖЕНА ..... 419
*Гордана Михаилова Бошнакоска*
САКАЊЕ ..... 420

*Вера Чорниј-Мешкова*
РЕЛИКВИЈА ..... 421

*Васил Тоциновски*
ОД ПИСМАТА НА Б.С. ..... 422

*Трајан Петровски*
ОБИЧНА СЕЛСКА ЉУБОВ ..... 423

*Тихо Најдовски*
СПЛОТ ..... 424

*Јордан Даниловски*
НОЌНО ПИСМО ..... 425

*Михаил Ренџов*
МОРЕ. ПЛАДНЕ. ..... 426

*Веле Смилевски*
ИГРА СО ЖЕНА ЛЕТЕ, НА ДОЖД ..... 427

*Санде Стојчевски*
ВЕЧЕРНА ..... 428

*Ферид Мухиќ*
ЛЕТО ..... 429

*Љубинка Донева*
СОБАТА ОСТАВИ ЈА ТОПЛА ..... 430

*Александар Поповски*
ПОСАКУВАМ ДА СУМ... ..... 431

*Катица Ќулавкова*
ГЛАС НА ОТСУТНА ЖЕНА ..... 432

*Светлана Камџијаш*
НА ЕДНА ПОСТЕЛА ..... 435

*Марта Маркоска*
ПРИЈДИ МИ ..... 436

*Васил Дрвошанов*
КУКЛА ..... 437

*Веле Смилевски*
ЕРОТСКА ПЕСНА ..... 438

*Славе Ѓорѓо Димоски*
ЕРОТСКА ПЕСНА ЗА НОЌТА ........ 439

*Ристо Лазаров*
ТЕ СОНУВАВ СНЕЖНА ........ 440

*Глигор Стојковски*
СТАКЛЕНА РОМАНСА ........ 443

*Вера Чејковска*
РАЈСКА СОБА ........ 444

*Иван Џепароски*
СТРАСТНИОТ ПАТУВАЧКИ СУБЈЕКТ ........ 445

*Катица Ќулавкова*
ОПШТО МЕСТО ........ 447

*Веле Смилевски*
ЕРОТСКИ ПРЕЛУДИУМ ........ 448

*Петко Дабески*
ПОКРИВАЧ И СЛАМКА ........ 450

*Христо Петрески*
ЕДИНСТВЕНА. ЉУБОВНА ........ 451

*Георги Барбаровски*
ДИВ ПОРИВ ........ 452

*Ерол Туфан*
ВЕТЕР ВО ТВОИТЕ КОСИ ........ 453

*Јовица Тасевски-Етернијан*
ТЕЛО. ПОХОТА. ........ 455

*Игор Исаковски*
НАШИТЕ ЗДИВОВИ ........ 456

*Јовица Тасевски-Етернијан*
СЛАДОСТРАСТИЕ ........ 458

*Ивица Антевски*
ВОДЕЊЕ ЉУБОВ ........ 459

*Бобан Богатиновски*
ЕДЕН ДЕН И СОНЦЕТО ЌЕ ЗГАСНЕ ........ 460

*Душко Крстевски*
ТАА ........ 462
*Ана Димишковска*
НАВСИКАЈА ........ 463
*Александра Димитрова*
ПОМНИШ ЛИ ........ 464
*Теута Арифи*
ЕРОС НА ГРАНИЦА ........ 465
*Снежана Стојчевска*
САМО ТОЛКУ ........ 466
*Јовица Ивановски*
ОД СЕГА, ДО ЗАСЕКОГАШ ........ 467